member of IATA лиценца А

KOUZON TRAVEL

https://gocruise.mk/
https://kouzon.mk/travel/

ЕСЕН 2027

Групно крстарење со MSC Bellissima

ЈАПОНИЈА И КИНА од Скопје

Термин: 04.10.2027-16.10.2027

• ГАРАНТИРАНО ПОАЃАЊЕ •

Пакет аранжман: 3 ноќевања во Шангај 5★ | Организирани разгледувања | 7-дневно крстарење со полн пансион и такси | Екскурзија до Фуџи | 1 ноќевање во Токио 4★ | Разгледување на Токио | Организирани оброци | Сите трансфери | Претставник од агенцијата за минимум 16 лица.



КИНА И ЈАПОНИЈА – МАГИЈАТА НА ДАЛЕЧНИОТ ИСТОК! *Патување каде што древните традиции се среќаваат со модерниот свет, а секој ден носи ново доживување! Нашата авантура започнува во величественият* ***Шангај****, со хотел 5★, џиновските панди и традиционалната „Кинеска Венеција“. Продолжуваме со незаборавно крстарење на* ***MSC Bellissima – луксузен пловечки ресорт со ресторани, базени, забава и спектакуларни вечерни претстави****. Пловејќи покрај јапонските брегови, ќе ги откриеме* ***Кагошима и Кочи****, пред да пристигнеме во фасцинантниот* ***Токио****. Таму нè очекуваат* ***целодневна екскурзија до величествената планина Фуџи и традиционалните јапонски села****, разгледување на Токио и едно ноќевање во хотел 4★.*

СЌЈР ***Две земји, едно волшебно патување и спомени за цел живот!***

Bul. Sv. Kliment Ohridski br. 58 –Skopje, Macedonia
Phone +389 (2) 323 88 01; Fax +389 (2) 323 88 06; 072 263 121 Mail air@kouzon.com.mk;

2799€

- **Маршута за крстарење:** CN **Шангај** → Ден на море → JP **Кагошима** → JP **Кочи** → Ден на море → JP **Токио (Јокохама)** – ноќевање на бродот.
- **Појдовна точка:** Скопје
- **Крајна точка**: Скопје
- **Брод:** MSC Bellissima
- **Датуми на крстарење** 08.10.2027-14.10.2027

Ден	Пристаниште	Пристигнување	Поаѓање
08.10.2027	Шангај, Кина	—	16:30
09.10.2027	На отворено море	—	—
10.10.2027	Кагошима, Јапонија	07:00	16:00
11.10.2027	Кочи, Јапонија	13:00	На потврда
12.10.2027	На отворено море	—	—
13.10.2027	Токио (Јокохама), Јапонија	08:00	Ноќевање во пристаниште
14.10.2027	Токио (Јокохама), Јапонија	—	Напуштање на бродот

ПРОГРАМА за ПАТУВАЊЕ и КРСТАРЕЊЕ

04.10.2027 — **Скопје -Шангај**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во термин кој дополнително ќе биде соопштен. Пријавување за летот на **Austrian Airlines OS764** за Виена со полетување во **04:25 часот**. По пристигнувањето во Виена во **06:00 часот**, преседнување на летот **OS015 за Шангај во 13:15 часот**

. Ноќен лет.

05.10.2027 — **Шангај – прв допир со Кина**

Пристигнување на меѓународниот аеродром Шангај Пудонг (PVG) во **06:00 часот**, со летот OS015 на Austrian Airlines од Виена. По завршувањето на пасошките и царинските формалности и подигнувањето на багажот, пречек од локалниот водич и организиран приватен трансфер до хотелот.

Сместување во **Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★**, современ хотел во областа Баошан, каде за групата е предвиден **гарантиран ран check-in со појадок**. По долгиот лет, слободно време за одмор и освежување.

Нашето прво запознавање со Шангај започнува со посета на Shanghai Museum, каде ќе откриеме дел од богатото културно и историско наследство на Кина. Продолжуваме кон Lujiazui, модерното финансиско срце на Шангај, познато по своите футуристички облакодери, меѓу кои се издвојува импозантниот Shanghai Tower. Предвидено е

	разгледување однадвор и фотографирање. Во вечерните часови следува незаборавно крстарење со брод по реката Хуангпу (Huangpu River), со спектакуларни погледи кон осветлените облакодери на Pudong и историските градби на The Bund. Едно од највпечатливите доживувања во Шангај! Факултативно: Вечера на бродот за време на вечерното крстарење, со доплата и претходна резервација, доколку е достапна. По завршувањето на програмата, организирано враќање во хотелот и ноќевање. Сместување: Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★. Исхрана: Појадок. Вечера факултативно. Предвидени услуги: Гарантиран ран check-in, аеродромски пречек, приватни трансфери, локален водич, организирано разгледување и вечерно крстарење по Хуангпу со вклучен билет.
06.10.2027	Шангај – храмови, градини и стари улици По појадокот во хотелот започнуваме со организирано разгледување на Шангај. Нашата прошетка започнува од The Bund (Вајтан), прочуеното шеталиште покрај реката Хуангпу, каде историските фасади на старите банки и трговски куќи се соочуваат со футуристичките облакодери на Pudong. Продолжуваме кон Jade Buddha Temple, мирен будистички храм познат по своите статуи изработени од жад. Потоа следува посета на Yuyuan Garden, прекрасна традиционална кинеска градина со украсни павилјони, камени мостови и живописни улички. Во текот на денот е предвиден организиран ручек во традиционален кинески ресторан, вклучен во пакетот. Ќе имаме можност да пробаме локални кинески специјалитети и да се запознаеме со богатата гастрономија на Шангај. По ручекот продолжуваме кон Nanjing Road, една од најпознатите трговски улици во Азија, со време за фотографии и купување. Разгледувањето го завршуваме во Shikumen, традиционален кварт со препознатливи камени порти и архитектура што ги спојува кинеските и европските влијанија. Враќање во хотелот и слободно време. Факултативно – традиционална кинеска вечер: Организирана вечера во автентичен кинески ресторан со специјалитет пекиншка патка (Peking Duck) и други локални јадења. Вечерата се организира со претходна резервација и доплата. Сместување: Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★. Исхрана: Појадок и ручек. Вечера факултативно. Вклучени услуги: Организирано разгледување, локален водич, приватен превоз, предвидени влезници и ручек во локален ресторан.
07.10.2027	Шангај – водниот град Zhujiajiao По појадокот во хотелот започнуваме со едно од најинтересните доживувања во Кина. Нашата прва посета е Shanghai Zoo, каде ќе имаме можност да ги видиме познатите џиновски панди – еден од најпрепознатливите симболи на Кина. Посетата ќе биде насочена првенствено кон делот на зоолошката градина каде што живеат пандите.

Потоа продолжуваме кон **Zhujiajiao (Џуџиаџиао)**, живописен древен воден град во околината на Шангај, познат како **„Кинеската Венеција“**.

Ќе прошетаме низ старите пешачки улици, покрај традиционалните куќи, локалните дуќани и камените мостови кои со векови ги поврзуваат градските маала.

Посебно доживување ќе биде возењето со традиционален чамец низ живописните канали на Zhujiajiao, вклучено во пакетот. Од водата ќе ја почувствуваме автентичната атмосфера на древна Кина и ќе уживаме во прекрасните глетки.

Следува организиран ручек во локален кинески ресторан, вклучен во пакетот.

По враќањето во Шангај, **доколку времето дозволува**, продолжуваме со прошетка низ **Old French Concession**, еден од најшармантните квартови на градот, познат по своите широки дрвореди, историски вили, мали галерии и кафулиња.

Враќање во хотелот.

Факултативна вечерна програма – ERA Chinese Acrobatic Show: Можност за посета на спектакуларно кинеско акробатско шоу, со импресивни настапи, музика и сценски ефекти.

По желба, организирана вечера во локален ресторан. Акробатското шоу и вечерата се со доплата и претходна резервација, поединечно или како комбинирана програма.

Сместување: Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★.

Исхрана: Појадок и ручек. Вечера факултативно.

Предвидени услуги: Организиран превоз, локален водич, посета на **џиновските панди**, екскурзија во Zhujiajiao со **возење со традиционален чамец** и **вклучен ручек**.

08.10.2027 **Шангај – качување на MSC Bellissima**

По појадокот во хотелот Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★, следува одјавување од собите и подготовка за почетокот на нашето крстарење.
Во **09:00 часот** следува организиран приватен трансфер од хотелот до пристаништето во Шангај, со планирано пристигнување околу **11:00 часот**.
По пристигнувањето на терминалот, пријавување за крстарењето, предавање на багажот и качување на **MSC Bellissima**.
По сместувањето во избраните кабини, време за одмор и запознавање со бродот и неговите содржини.
Ручекот и вечерата се на бродот, според програмата за крстарење. Можност за уживање во ресторaните, баровите, базените, внатрешната променада Galleria Bellissima и богатата понуда на активности и забава.
Испловување од Шангај: 16:30 часот.
Со испловувањето започнува нашето крстарење кон Јапонија, исполнето со нови дестинации и незаборавни доживувања.
Исхрана: Појадок во хотелот и полн пансион на бродот.
Вклучени услуги: Приватен трансфер до пристаништето и услуги на бродот според

резервираниот пакет.

09.10.2027	Ден на море Ден посветен на уживање и релаксација на бродот MSC Bellissima. Појадок, ручек и вечера на бродот, со можност слободно да ги користите бројните содржини што ги нуди овој прекрасен крстаречки брод. Уживајте во базените, сончевите палуби, баровите, ресторaните, фитнес-центарот или опуштете се со поглед кон бескрајното море. За дополнително уживање, достапна е и SPA зоната, со услуги со доплата. Прошетајте низ впечатливата Galleria Bellissima, елегантна внатрешна променада со продавници, кафулиња и ресторани, позната по својот спектакуларен LED таван. Во текот на денот, на бродот се организираат различни активности, забава, музика во живо и вечерни шоуа. Совршен ден за одмор, дружење со групата и уживање во атмосферата на едно вистинско крстарење, додека пловиме кон Јапонија. **Услуга:** Полн пансион на бродот (појадок, ручек и вечера).
10.10.2027	Кагошима, Јапонија – самурајска историја и вулкански погледи **Пристигнување: 07:00 часот** **Испловување: 16:00 часот** По појадокот на бродот, пристигнуваме во **Кагошима**, живописен град на јужниот јапонски остров Кјушу, познат по својата самурајска историја, традиционалната јапонска култура и величествениот активен вулкан **Сакураџима (Sakurajima)**. **ВКЛУЧЕНА ПЕШАЧКА ПРОШЕТКА СО ПРЕТСТАВНИКОТ НА ГРУПАТА** *Времетраење: околу 3–4 часа | Лесно темпо* По излегувањето од бродот, предвидено е поаѓање околу **09:00 часот** и трансфер со локален превоз до центарот на Кагошима, од каде започнува нашата релаксирана пешачка прошетка. Нашата прошетка започнува од **Tenmonkan**, најпознатата пешачка и трговска зона во градот, исполнета со традиционални јапонски продавници, кафулиња и ресторани, каде ќе ја почувствуваме вистинската атмосфера на секојдневниот живот во Јапонија. Продолжуваме кон **Terukuni Shrine**, прекрасно шинтоистичко светилиште опкружено со зеленило, а потоа кон **Saigō Takamori Statue**, споменик посветен на еден од најпознатите самураи во јапонската историја. Пешачењето продолжува низ пријатните градски улици кон **Central Park**, каде е предвидена кратка пауза за фотографии и одмор. По разгледувањето, се враќаме кон **Tenmonkan**, со слободно време за кафе, купување сувенири или дегустација на локални специјалитети. **Предлог за ручек:** Во околните ресторани може да се проба традиционален јапонски рамен или познатиот специјалитет **Kagoshima Kurobuta**. Ручекот е индивидуален и со доплата. По завршувањето на прошетката, враќање кон пристаништето и качување на бродот, планирано **најдоцна до 14:00 часот**.

ФАКУЛТАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА СО MSC CRUISES – СО ДОПЛАТА

За гостите кои сакаат дополнително да го истражат регионот, можност за организирана екскурзија со посета на:

- Sengan-en Garden – традиционална јапонска градина со прекрасен поглед кон вулканот;
- Sakurajima Volcano – активниот вулкан и симбол на Кагошима, со впечатливи панорамски погледи.

Екскурзијата се резервира и доплаќа преку официјалната апликација MSC for Me, според достапноста за конкретното крстарење.

Испловување од Кагошима: 16:00 часот

Продолжуваме со нашето крстарење кон следната дестинација – **Кочи (Kochi)**.

Услуга: Полн пансион на бродот (појадок, ручек и вечера). Вклучена пешачка прошетка со претставникот на групата.

Дополнително се плаќа: Локален превоз до центарот, доколку не е обезбеден бесплатен шатл, индивидуален ручек и факултативни екскурзии на MSC Cruises.

11.10.2027

Кочи, Јапонија – замокот и пазарот Hirome

Пристигнување: 13:00 часот

Испловување: Според распоредот на MSC Cruises

По ручекот на бродот, пристигнуваме во **Кочи**, живописен пристаништен град на јужниот брег на островот Шикоку, познат по својата самурајска историја, традиционалните јапонски пазари и прекрасната природна околина.

ВКЛУЧЕНА ПЕШАЧКА ПРОШЕТКА СО ПРЕТСТАВНИКОТ НА ГРУПАТА

Времетраење: околу 3 часа | Лесно темпо

По излегувањето од бродот, предвиден е превоз до центарот на Кочи, од каде започнува нашата релаксирана пешачка прошетка низ историскиот дел на градот.

Нашата прошетка започнува од **Harimayabashi Bridge**, еден од симболите на Кочи, мал црвен мост поврзан со позната локална љубовна легенда. Продолжуваме низ пријатните градски улици кон **Obiyamachi Shopping Arcade**, традиционална покриена трговска улица со продавници, кафулиња и локални специјалитети.

Пешачењето продолжува кон **Kochi Castle**, еден од ретките јапонски замоци што ги зачувале своите оригинални историски градби. Ќе уживаме во погледот кон неговата впечатлива архитектура и околните градини, со слободно време за фотографии. Предвидено е **надворешно разгледување**, без задолжително искачување до замокот.

Од тука продолжуваме кон **Hirome Market**, познат гастрономски пазар и едно од најживописните места во градот, каде локалните жители се собираат за дружење и уживање во традиционалната кујна.

Предлог за локални специјалитети: Во Hirome Market може да се проба познатото **Katsuo no Tataki**, традиционално јадење од туна паламуда, кратко запечена на отворен пламен, како и други јапонски специјалитети. Храната и пијалаците се по индивидуален избор и со доплата.

По завршувањето на прошетката, враќање кон пристаништето и качување на бродот во согласност со распоредот за испловување.

ФАКУЛТАТИВНИ ЕКСКУРЗИИ СО MSC CRUISES – СО ДОПЛАТА

За гостите кои сакаат дополнително да го истражат регионот, можност за избор на организирана екскурзија со посета на:

- Kochi Castle – историски јапонски замок со зачувана традиционална архитектура;
- Katsurahama Beach – живописна плажа позната по прекрасните погледи кон Тихиот Океан;
- Sakamoto Ryoma Statue – споменик посветен на познатиот јапонски самурај и историски реформатор.

Факултативните екскурзии се резервираат и доплаќаат преку официјалната апликација MSC for Me, според достапноста и понудата за конкретното крстарење.

🛳 **Испловување од Кочи: Според распоредот на MSC Cruises**

Продолжуваме со нашето крстарење кон следната дестинација – **Токио**.

Услуга: Полн пансион на бродот (појадок, ручек и вечера). Вклучена пешачка прошетка со претставникот на групата.

Дополнително се плаќа: Локален превоз до центарот, доколку не е обезбеден бесплатен шатл, индивидуална консумација и факултативни екскурзии на MSC Cruises.

12.10.2027	**Ден на море – MSC Bellissima** Ден посветен на уживање и релаксација на бродот **MSC Bellissima**, додека пловиме кон нашата следна дестинација – **Токио, Јапонија**. Појадок, ручек и вечера на бродот, со можност слободно да ги користите бројните содржини што ги нуди овој прекрасен крстаречки брод. Уживајте во базените, сончевите палуби, баровите, ресторанте и фитнес-центарот или едноставно опуштете се со поглед кон бескрајното море. За дополнително уживање, достапна е и **SPA зоната**, со услуги со доплата. Прошетајте низ впечатливата **Galleria Bellissima**, елегантна внатрешна променада со продавници, кафулиња и ресторани, позната по својот спектакуларен LED таван. Во текот на денот, на бродот се организираат различни активности, забава, музика во живо и вечерни шоуа. Совршен ден за одмор, дружење со групата и уживање во атмосферата на едно вистинско крстарење, пред нашето пристигнување во Јапонија. **Услуга:** Полн пансион на бродот (појадок, ручек и вечера).
13.10.2027	**Планината Фуџи и магијата на традиционалната Јапонија** 🛳 **Пристигнување во Токио (Јокохама): 08:00 часот** 🌙 **MSC Bellissima останува во пристаништето преку ноќ.** По појадокот на бродот пристигнуваме во Јапонија, земја во која древните традиции се испреплетуваат со современиот начин на живот. Денес нè очекува едно од најубавите доживувања на нашето патување – **целодневна екскурзија до величествената планина Фуџи, живописното езеро Кавагучи и традиционалното јапонско село Oshino Hakkai**. По завршувањето на пристанишните формалности, средба со локалниот водич и поаѓање со приватен автобус, планирано околу **10:00 часот**, кон регионот на планината Фуџи – најпознатиот природен симбол на Јапонија.

ЦЕЛОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – ФУЏИ И АВТЕНТИЧНАТА ЈАПОНИЈА

Во рамките на предложената програма предвидени се следните доживувања:

ТРАДИЦИОНАЛЕН ЈАПОНСКИ РУЧЕК

По пристигнувањето во регионот Gotemba, следува организиран ручек во локален јапонски ресторан.

Ќе имаме можност да се запознаеме со автентичната јапонска гастрономија и да пробаме регионални специјалитети, како **Hōtō noodles**, традиционално јадење од регионот Јаманаши.

OSHINO HAKKAI – ТРАДИЦИОНАЛНО ЈАПОНСКО СЕЛО

Едно од најживописните места во регионот, познато по своите **осум кристално чисти природни извори**, традиционални јапонски куќи, мали мостови и прекрасна природна околина.

Прошетка низ селото, запознавање со локалните традиции и време за фотографии и сувенири.

Ова е прекрасна можност да ја почувствуваме атмосферата на стара Јапонија, далеку од динамиката на големите градови.

LAKE KAWAGUCHIKO – ЕЗЕРОТО КАВАГУЧИ

Едно од петте познати езера во подножјето на планината Фуџи, опкружено со прекрасни природни пејзажи.

При поволни временски услови, ќе можеме да уживаме во едни од најпрепознатливите панорамски погледи кон величествената планина.

OISHI PARK – НАЈУБАВИТЕ ПАНОРАМИ НА ФУЏИ

Живописен парк на брегот на езерото Кавагучи, познат по сезонските градини, есенските бои и прекрасните можности за фотографирање.

Од ова место се отвораат впечатливи погледи кон планината Фуџи, која претставува еден од најпознатите симболи на Јапонија.

Предвидено е време за фотографии, кратка прошетка и уживање во природната убавина на регионот.

ВРАЌАЊЕ НА MSC BELLISSIMA

По завршувањето на разгледувањата, следува организирано враќање со приватен автобус кон пристаништето.

Враќањето е предвидено во вечерните часови, во термин што ќе биде дополнително потврден согласно сообраќајните услови и правилата на MSC Cruises за повторно качување на бродот.

Вечера и слободно време за уживање во содржините на **MSC Bellissima**.

ВАЖНО – ПОДГОТОВКА ЗА ИСКРЦУВАЊЕ

На **14.10.2027** следува завршување на крстарењето и организирано искрцување од бродот.

Во вечерните часови потребно е да го подготвите багажот и, согласно упатствата на MSC Cruises, да ги оставите големите куфери пред вратата на кабината со соодветните ознаки, во термин што ќе биде соопштен на бродот.

Совет: Задржете мал ранец или рачен багаж со пасош, патни документи, лекови, вредни предмети и неопходни лични работи за следното утро.

🌙 MSC Bellissima останува во пристаништето преку ноќ.
Следното утро, по појадокот, следува искрцување, преземање на багажот и продолжување на нашето патување со **целодневно организирано разгледување на Токио**, посета на Tokyo Skytree и сместување во хотел 4★ во областа Shimbashi.

🏨 **Сместување:** MSC Bellissima – ноќевање на бродот.
🍽 **Исхрана:** Појадок и вечера на бродот; организиран традиционален јапонски ручек според програмата.
✅ **Предвидени услуги:** Целодневна екскурзија до регионот на планината Фуџи, приватен автобус, локален водич, посета на Oshino Hakkai, Lake Kawaguchiko и Oishi Park и традиционален јапонски ручек.
📌 **Напомена:** Конечниот редослед и времетраењето на посетите зависат од потврдата на локалниот партнер, сообраќајните и временските услови и правилата за повторно качување на MSC Bellissima. Видливоста на планината Фуџи не може да се гарантира.

14.10.2027

Токио, Јапонија – Напуштање на бродот и разгледување на градот

🛳 **Напуштање од MSC Bellissima**
🏨 **Сместување во хотел 4★ во областа Shimbashi**
По појадокот на бродот, следува напуштање на **MSC Bellissima**, преземање на багажот и завршување на пристанишните формалности.
Средба со локалниот водич и поаѓање со приватен автобус на **целодневно организирано разгледување на Токио**, една од највозбудливите метрополи во светот, каде вековната јапонска традиција се испреплетува со современата архитектура, технологија и динамичниот градски живот.
🧳 **Багажот останува во приватниот автобус за време на разгледувањето**, а сместувањето во хотелот е предвидено во попладневните часови.

⛩ **АСАКУСА – ТРАДИЦИОНАЛНОТО СРЦЕ НА ТОКИО**
Нашето разгледување започнува во **Asakusa (Асакуса)**, еден од најстарите и најживописните квартови на Токио, каде ќе ја почувствуваме атмосферата на традиционалната Јапонија.
Во рамките на разгледувањето ќе посетиме:

- 🏯 **Senso-ji Temple** – најстариот будистички храм во Токио, познат по својата величествена архитектура и духовно значење.
- 🏮 **Kaminarimon Gate** – прочуената порта со огромниот црвен фенер, еден од најпрепознатливите симболи на јапонската престолнина.
- 🎎 **Nakamise Shopping Street** – живописна традиционална улица со мали продавници, јапонски сувенири, слатки и локални специјалитети.

🗼 **TOKYO SKYTREE – ТОКИО ОД 350 МЕТРИ ВИСОЧИНА**
Продолжуваме кон **Tokyo Skytree**, една од највисоките кули во светот и симбол на современиот Токио.
Предвидена е посета на панорамската платформа на 350 метри височина, од каде се отвора спектакуларен поглед кон огромната метропола, нејзините облакодери и Токискиот Залив.
📸 Слободно време за фотографии и уживање во импресивната панорама.

🍣 ЈАПОНСКА ГАСТРОНОМИЈА – SUSHI-MAKING EXPERIENCE

Едно од најинтересните предложени доживувања е **интерактивна работилница за подготовка на традиционално јапонско суши**.

Под водство на локален инструктор ќе имаме можност да се запознаеме со тајните на јапонската гастрономија и самите да учествуваме во подготовката на еден од најпознатите специјалитети во светот.

🍽️ Организиран ручек – ПРЕДВИДЕН ВО ПАКЕТОТ

Доколку биде потврдена sushi-making работилницата, ручекот ќе биде организиран во рамките на ова искуство. Во спротивно, предвиден е ручек во локален јапонски ресторан.

🏙️ SHIBUYA CROSSING – СРЦЕТО НА МОДЕРНИОТ ТОКИО

По ручекот продолжуваме кон **Shibuya (Шибуја)**, еден од најдинамичните и најпрепознатливите квартови на Токио.

🚦 **Shibuya Crossing** – светски познатата раскрсница, каде илјадници пешаци се движат меѓу огромни светлечки реклами, модерни згради и динамични градски улици.

🐕 **Hachiko Statue** – познатата статуа посветена на верното куче Хачико, симбол на лојалноста и една од најомилените знаменитости на Токио.

Предвидено е време за фотографии и кратка прошетка низ овој впечатлив дел од градот.

⛩️ **Meiji Jingu Shrine – доколку времето дозволува**

Можност за посета на едно од најзначајните шинтоистички светилишта во Јапонија, сместено среде прекрасна шума во срцето на Токио. Неговите традиционални порти и мирната атмосфера нудат прекрасен контраст со модерната Шибуја.

🏨 SHIMBASHI – СМЕСТУВАЊЕ ВО ХОТЕЛ 4★

По завршувањето на разгледувањето, организиран трансфер до хотелот во областа **Shimbashi (Шимбаши)**, пријавување и кратко време за одмор.

Шимбаши е жив и добро поврзан кварт во Токио, познат по својата автентична локална атмосфера, бројните јапонски ресторани, традиционални локали и пријатните вечерни улици.

🍱 ТРАДИЦИОНАЛНА ЈАПОНСКА ПРОШТАЛНА ВЕЧЕРА – ПРЕДВИДЕНА ВО ПАКЕТОТ

Во вечерните часови следува организирана **традиционална јапонска вечера во локален ресторан**, каде ќе имаме можност да уживаме во јапонските специјалитети и да ги споделиме впечатоците од нашето незаборавно патување.

🏨 **По вечерата – слободно време за индивидуална прошетка низ Shimbashi**, со можност за посета на локални продавници и кафулиња и уживање во вечерната атмосфера на Токио.

Враќање во хотелот и ноќевање.

🏨 **Сместување:** Хотел 4★ во областа Shimbashi, Токио – точниот хотел дополнително ќе биде потврден.

🍽️ **Исхрана:** Појадок на MSC Bellissima, организиран јапонски ручек и традиционална проштална вечера.

✅ **Предвидени вклучени услуги:** Целодневно разгледување на Токио, приватен автобус, локален водич, посета на Asakusa, Senso-ji Temple, Nakamise Street, Tokyo Skytree со влезница за панорамската платформа на 350 метри, Shibuya Crossing, Hachiko, ручек, вечера

	и трансфер до хотелот. 📌 **Напомена:** Конечниот редослед на посетите, sushi-making искуството, хотелот и вклучените услуги ќе бидат потврдени по добивањето на финалната понуда од локалниот партнер. Посетата на Meiji Jingu Shrine зависи од расположливото време и сообраќајните услови.
15.10.2027	**Токио – Виена – Скопје | Враќање кон Македонија** 🛎️ **Рано утринско заминување од Токио** ✈️ **Лет со Austrian Airlines преку Виена** По незаборавните денови во Кина и Јапонија, исполнети со прекрасни природни пејзажи, традиционални култури и незаборавни доживувања, доаѓа време за нашето враќање кон Македонија. Во раните утрински часови следува одјавување од хотелот **4★ во областа Shimbashi (Шимбаши)** и организиран приватен трансфер до меѓународниот аеродром **Токио – Нарита (NRT)**. 🚌 **Поаѓање од хотелот: околу 06:00–06:15 часот.** Планирано пристигнување на аеродромот околу **08:00 часот**, со доволно време за пријавување за летот, предавање на багажот, безбедносна и пасошка контрола. 🥐 **Појадок:** Поради раното заминување, предвидено е да се побара појадок за носење (*breakfast box*) од хотелот, доколку услугата биде потврдена. ✈️ **АВИОНСКИ ЛЕТОВИ – AUSTRIAN AIRLINES** **JP OS026 | 15.10.2027** **Токио – Нарита (NRT) → Виена (VIE)** 🛫 Поаѓање: **11:10 часот** 🛬 Пристигнување: **18:20 часот** По пристигнувањето на меѓународниот аеродром во Виена, следува транзит и преседнување на летот за Скопје. **MK OS763 | 15.10.2027** **Виена (VIE) → Скопје (SKP)** 🛫 Поаѓање: **22:45 часот** 🛬 Пристигнување: **00:15 часот на 16.10.2027** Ноќен лет кон Македонија. --- 🏨 **Сместување:** Нема ноќевање во хотел. 🍽️ **Исхрана:** Појадок од хотелот за носење, доколку биде потврден; оброци во авион според услугата на авиокомпанијата. ✅ **Вклучени услуги:** Организиран приватен трансфер од хотелот до аеродромот Нарита и авионски превоз со Austrian Airlines според резервираниот пакет. **MK 16.10.2027 | Сабота – Пристигнување во Скопје** 🛬 **Пристигнување на Меѓународниот аеродром Скопје во 00:15 часот**, со летот OS763 од Виена.

По пристигнувањето следуваат пасошка контрола, преземање на багажот и завршување на нашето патување.

❤️ Со прекрасни спомени од футуристичкиот Шангај, традиционалната Кина, крстарењето со MSC Bellissima, вулканските предели на Кагошима, автентичните јапонски села, величествената планина Фуџи и спектакуларниот Токио, го завршуваме нашето заедничко патување низ Далечниот Исток.

🌏 КИНА И ЈАПОНИЈА – ДВЕ ЗЕМЈИ, БЕЗБРОЈ ДОЖИВУВАЊА И СПОМЕНИ ЗА ЦЕЛ ЖИВОТ!

Крај на патувањето.

Крај на патувањето.

ПАКЕТНА ЦЕНА ПО ЛИЦЕ

☆ Рана резервација – Early Booking

Цените важат за резервации направени до 15.12.2026 година.

По истекот на рокот за рана резервација, пакетите ќе се продаваат по редовни цени.

ВНАТРЕШНА КАБИНА	КАБИНА СО ПРОЗОР	БАЛКОНСКА КАБИНА
2799€ ~~2949€~~	2999€ ~~3149€~~	3255€ ~~3405€~~

- Деца до 17г, во кабина со двајца возрасни – на барање
- Доплата за 3/4 лице во кабина со 2 возрасни - на барање
- Доплата за еднокреветна кабина – на барање,/или со можност за комбинирање со друг патник за сместување во двокреветна кабина, доколку има заинтересирано лице.

ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА:

✈️ **Повратен авионски билет со Austrian Airlines** на релација **Скопје – Виена – Шангај / Токио – Виена – Скопје**, со вклучени аеродромски такси, чекиран и рачен багаж согласно условите на авиокомпанијата.

🚐 **Сите организирани трансфери** – аеродром – хотел – пристаниште во Шангај, приватен превоз за екскурзијата до Фуџи на 13 октомври, пристаниште – хотел во Токио на 14 октомври и ран трансфер од хотелот до аеродромот Нарита на 15 октомври, според програмата.

🛏 **3 ноќевања со појадок во Шангај**, во хотел Delta Hotels by Marriott Shanghai Baoshan 5★, со вклучени **гарантирано рано пријавување (early check-in) и појадок на денот на пристигнување**.

🏯 **Организирани разгледувања на Шангај** со приватен автобус, локален водич и предвидени влезници, вклучувајќи ги Shanghai Museum, Lujiazui, Shanghai Tower (**однадвор**), The Bund, Jade Buddha Temple, Yuyuan Garden, Nanjing Road и Shikumen.

🐼 **Посета на џиновските панди во Shanghai Zoo** – можност одблизу да се види еден од најпрепознатливите симболи на Кина.

🏙 **Вечерно крстарење по реката Хуангпу (Huangpu River)** – со прекрасни погледи кон осветлените облакодери на Шангај и историските градби на The Bund, со предвиден вклучен билет за бродот.

🏺 **Екскурзија до Zhujiajiao – „Кинеската Венеција"**, со прошетка низ древниот воден град, традиционалните улици и мостови, како и **возење со традиционален чамец низ живописните канали**.

🍲 **2 организирани ручека во Шангај**, во локални кинески ресторани, на 06 и 07 октомври, според програмата.

🚢 **7-дневно крстарење со MSC Bellissima – 6 ноќевања**, во избрана категорија кабина, со **полн пансион (појадок, ручек и вечера)**, пристанишни такси и користење на вклучените бродски содржини – базени, фитнес, дневни активности, забавни и вечерни програми, како и секојдневно одржување на кабината.

🥤 **Пијалаци на бродот:** Во основната тарифа не е вклучен посебен пакет за пијалаци. Вода, кафе и чај од апарати се достапни во buffet ресторанот според работното време, додека флаширана вода, безалкохолни и алкохолни пијалаци, специјални кафиња и коктели се доплаќаат.

🛳 **Организирани прошетки во јапонските пристаништа Кагошима и Кочи** – со придружба на туристичкиот претставник на групата, според подготвена агенда. Предвидени се прошетки низ интересните историски и градски делови, со време за фотографии, запознавање со локалната култура и индивидуални активности. Локалниот превоз и дополнителните влезници, доколку се потребни, се доплаќаат.

⛰ **Целодневна организирана екскурзија до планината Фуџи на 13 октомври**, со приватен автобус и локален водич, со предвидени посети на:

- Oshino Hakkai – традиционално јапонско село со природни извори;
- Lake Kawaguchiko – живописно езеро во подножјето на Фуџи;
- Oishi Park – прекрасни панорамски погледи кон планината;
- Saiko Iyashi no Sato Nenba – автентично традиционално село со куќи со сламени покриви.

🍲 **Традиционален јапонски ручек за време на екскурзијата до Фуџи**, во локален ресторан, со регионални специјалитети. По завршувањето на екскурзијата, враќање на MSC Bellissima, вечера и ноќевање на бродот.

🛏 **1 ноќевање со појадок во Токио**, во квалитетен хотел **4★ во областа Shimbashi**, со пријатна локална атмосфера, ресторани и продавници во непосредна близина. Точниот хотел ќе биде дополнително потврден. Поради раното заминување на 15 октомври, предвидено е барање за појадок за носење.

🗼 **Целодневно организирано разгледување на Токио на 14 октомври**, со приватен автобус и локален водич, со посета на Asakusa, Senso-ji Temple, Kaminarimon Gate, Nakamise Shopping Street, Shibuya Crossing и Hachiko Statue. Посета на Meiji Jingu Shrine, доколку времето дозволува.

🎟 **Влезница за Tokyo Skytree** – посета на панорамската платформа на **350 метри височина**, со спектакуларен поглед кон јапонската метропола.

🍣 **Организиран јапонски ручек на 14 октомври**, во локален ресторан. Како дополнителна можност е побарано Sushi-Making Experience, интерактивна работилница за подготовка на традиционално јапонско суши, со посебна ценовна опција.

🍱 **Традиционална јапонска проштална вечера на 14 октомври**, во локален ресторан, со можност за уживање во автентичната јапонска гастрономија. По вечерата, слободно време за индивидуална прошетка низ Shimbashi.

🧑‍💼 **Туристички претставник на македонски јазик** за време на целото патување и крстарењето, како и локални водичи за организираните разгледувања во Шангај, регионот на Фуџи и Токио.

ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ ВКЛУЧУВА:

🛳️ Хотелска сервисна такса (бакшиш / Hotel Service Charge – Gratuities) на MSC Bellissima – 102EUR/108 USD по лице за 6 ноќевања (18 USD по ноќ). Задолжителна доплата која се плаќа во агенцијата пред поаѓањето на патувањето, во денарска противвредност според применетиот курс.

🍽️ Премиум и специјализирани ресторани на бродот (Specialty Dining).

🍹 Алкохолни, безалкохолни и премиум пијалаци што не се вклучени во основната тарифа, со можност за дополнителна резервација на MSC Drink Package.

📶 WiFi интернет пакети на бродот.

💆 SPA третмани и Wellness услуги, масажи и третмани за убавина.

🚌 Официјални MSC Shore Excursions – факултативни екскурзии организирани од бродската компанија, кои се резервираат и плаќаат дополнително.

🚇 Локален превоз за време на пешачките прошетки во Кагошима и Кочи (метро, автобус, такси и друг јавен превоз, доколку е потребен).

🧾 Дополнителни оброци и пијалаци што не се наведени како вклучени во програмата.

🧾 Локални туристички такси, доколку се применуваат и не се вклучени во хотелската цена.

🛍️ Лична потрошувачка – сувенири, перална, телефонски повици и други индивидуални трошоци.

🩺 Патничко здравствено осигурување.

🛂 Трошоци за визи и влезни дозволи за Кина и Јапонија, доколку се потребни според државјанството на патникот.

📌 ВАЖНА НАПОМЕНА – ВИЗЕН РЕЖИМ ЗА КИНА

CN За државјаните на Северна Македонија, туристичките патувања во Кина се без виза до 31.12.2026 година, за престој до 30 дена.

Бидејќи аранжманот се реализира во октомври 2027 година, доколку безвизниот режим не биде продолжен, ќе биде потребно издавање кинеска виза со соодветна доплата.

Евентуалните трошоци за виза не се вклучени во цената на аранжманот.

Агенцијата навремено ќе ги информира патниците за важечките визни услови и постапката за добивање виза, согласно официјалните прописи во периодот на патувањето.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ОПЦИИ НА MSC BELLISSIMA 5★ (со доплата)

🍹 MSC ALL INCLUSIVE – ПАКЕТИ ЗА ПИЈАЛАЦИ

🥤 ALCOHOL-FREE PACKAGE – 364N9

Пакет за гости кои претпочитаат безалкохолни пијалаци:

✓ Специјални кафиња, чаеви и топли напитоци

✓ Безалкохолни и енергетски пијалаци

✓ Сокови, овошни коктели, смути и протеински шејкови

✓ Негазирана и газирана вода – AQUA by MSC

✓ Безалкохолни пива, вина и коктели

💶 Доплата: 180 € по возрасно лице

👧 Деца: 0 € според приложената понуда

Пакетот важи во избрани барови и ресторани, но не важи во специјализираните ресторани.

🍺 EASY PACKAGE – 361N9

Широк избор на пијалаци во текот на целото крстарење:

✓ Кафе, чај и топли напитоци
✓ Безалкохолни пијалаци и сокови
✓ Негазирана и газирана вода – AQUA by MSC
✓ Избрани брендови пиво
✓ Домашно вино и пенливо вино на чаша
✓ Класични коктели со стандардни жестоки пијалаци
✓ Безалкохолни коктели, вина и пива
✓ До 15 алкохолни пијалаци дневно
💶 **Доплата: 220 € по возрасно лице**
👧 **Деца: 0 € според приложената понуда**
Пакетот важи во избрани барови, buffet и главни ресторани. Не важи во специјализираните ресторани.

🥂 **PREMIUM EXTRA PACKAGE – 362N9**
Премиум избор на пијалаци за дополнително уживање:
✓ Специјални кафиња, чаеви и топли напитоци
✓ Безалкохолни и енергетски пијалаци
✓ Свежи сокови, смути и протеински шејкови
✓ Негазирана и газирана вода – AQUA by MSC
✓ Богат избор на точени и флаширани пива
✓ Премиум вина и пенливи вина на чаша
✓ Премиум жестоки пијалаци и ликери
✓ Коктели со премиум брендови
✓ Безалкохолни пива, вина и коктели
✓ До 15 алкохолни пијалаци дневно
💶 **Доплата: 250 € по возрасно лице**
👧 **Деца: 0 € според приложената понуда**
Пакетот важи во избрани барови, главни и специјализирани ресторани, согласно условите на MSC Cruises.
📌 **Важно:** Во наведените цени се вклучени сервисните надоместоци за пијалаците. Пакетите се опционални, а конечната цена и условите се потврдуваат при резервација.

📶 **MSC INTERNET ПАКЕТИ (со доплата)**
🌐 **Browse Package** – интернет за е-пошта, пораки, веб-пребарување и социјални мрежи.
🌐 **Browse & Stream Package** – интернет со дополнителна можност за видео повици, гледање видеа и стриминг.
Достапни се различни пакети според бројот на уреди и времетраењето на користење.
💶 **Цените се потврдуваат дополнително**, според актуелната понуда на MSC Bellissima.
🚌 **MSC SHORE EXCURSIONS**
Организирани факултативни екскурзии во **Кагошима, Кочи и Токио**, со локални водичи, превоз и разгледување на знаменитостите.
💶 **Цена:** Според избраната екскурзија и актуелната понуда на MSC Cruises.
💆 **MSC AUREA SPA & WELLNESS**
Масажи, третмани за убавина, релаксација и wellness услуги – со доплата.

🍽️ SPECIALTY DINING
Специјализирани ресторани со дополнителна гастрономска понуда и гурмански менија – со доплата.
📱 MSC for Me – бесплатна апликација за следење на дневната програма, активностите, ресторанте и информациите за крстарењето. Достапните дополнителни услуги може да се резервираат согласно функционалностите на апликацијата и условите на MSC Cruises.

💳 УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ
✅ РЕЗЕРВАЦИЈА СО САМО 200 € ПО ЛИЦЕ!
За потврда на резервацијата потребна е почетна уплата од **200 € по лице**, која се пресметува во вкупната цена на аранжманот.
💰 МОЖНОСТ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИ РАТИ
Остатокот од сумата може да се плаќа постепено, на месечни рати, според договорен план за плаќање, со почитување на следните рокови:

- 💳 **При резервација:** 200 € по лице.
- 🗓️ **До 28.02.2027:** Вкупно уплатени најмалку **30%** од цената на аранжманот.
- 🗓️ **До 01.06.2027:** Вкупно уплатени најмалку **50%** од цената на аранжманот.
- 🗓️ **До 30.07.2027:** Вкупно уплатени најмалку **75%** од цената на аранжманот.
- 🗓️ **До 01.09.2027:** Целосна уплата – **100%** од цената на аранжманот.

✅ **Не е потребна целосна уплата при резервација!** Патниците можат да плаќаат на помали месечни рати, со почитување на наведените рокови.
Почетниот депозит и сите претходни уплати се пресметуваат во вкупната цена на аранжманот. Наведените проценти го означуваат вкупниот износ што треба да биде уплатен до соодветниот датум.
🖤 BLACK FRIDAY – СПЕЦИЈАЛЕН ПОПУСТ
За резервации потврдени со депозит од **200 € по лице најдоцна до 01.12.2026 година, вклучително**, се одобрува дополнителен попуст од **50 € по лице** на Early Booking цената.

📋 УСЛОВИ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ
Во случај на откажување на патувањето од страна на патникот, предвидени се следните трошоци:

- **До 28.02.2027:** 200 € по лице.
- **Од 01.03. до 01.06.2027:** 30% од вкупната цена на аранжманот.
- **Од 02.06. до 30.07.2027:** 50% од вкупната цена.
- **Од 31.07. до 01.09.2027:** 75% од вкупната цена.
- **Од 02.09.2027 до поаѓање:** 100% од вкупната цена.

Веќе уплатените средства се пресметуваат во трошоците за откажување. Доколку износот на уплатените средства ги надминува применливите трошоци за откажување, разликата се враќа согласно договорот и важечките прописи.
📌 ВАЖНА НАПОМЕНА
Наведените услови за плаќање и откажување се предложени за овој аранжман и подлежат на потврда во конечниот договор за патување, согласно применливите законски прописи и условите на Austrian Airlines, MSC Cruises, хотелите и локалните партнери. Законските права на патниците остануваат непроменети.

За плаќања од странство даваме инструкции за плаќање.

ПАТНИ ДОКУМЕНТИ И ВИЗИ

За патувањето е потребен валиден пасош. Патниците треба да ги исполнуваат важечките услови за влез во **Кина и Јапонија**, согласно државјанството и видот на пасошот.
Информациите за потребните визи и влезни дозволи ќе бидат дополнително доставени пред патувањето.

ВАЛУТА И ПЛАЌАЊЕ

- **Кина:** Кинески јуан (CNY). Во Шангај широко се користат дигитални начини на плаќање, особено Alipay и WeChat Pay.
- **Јапонија:** Јапонски јен (JPY). Се препорачува да имате и готовина за помали продавници, пазари и локален превоз.
- **MSC Bellissima:** Плаќањето на дополнителните услуги на бродот се врши преку личната бродска сметка.

ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИЈА

Се препорачува однапред да обезбедите соодветен **eSIM или роаминг пакет за Кина и Јапонија**.
За време на крстарењето, интернетот се доплаќа преку MSC WiFi пакетите.
Во Кина одредени меѓународни апликации и интернет-сервиси може да бидат ограничени.

ЕЛЕКТРИЧНИ ПРИКЛУЧОЦИ

- **Кина:** Најчесто приклучоци тип A, C и I.
- **Јапонија:** Приклучоци тип A и B, напон 100 V.

Се препорачува да понесете **универзален адаптер**.

ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ ВО ОКТОМВРИ

Октомври е пријатен период за патување во Кина и Јапонија, со можни температурни разлики меѓу дестинациите.

- **Шангај:** Приближно 17–24°C.
- **Кагошима:** Приближно 18–26°C.
- **Кочи:** Приближно 16–24°C.
- **Токио:** Приближно 15–23°C.
- **Планината Фуџи:** Значително пониски температури, особено на повисоките делови.

Се препорачува удобна облека, лесна јакна, удобни обувки за пешачење и заштита од дожд.

ИНФОРМАЦИИ ЗА MSC BELLISSIMA

По пријавувањето на бродот, секој патник добива лична **MSC Cruise Card**, која служи за пристап до кабината и плаќање дополнителни услуги.
Преку апликацијата **MSC for Me** патниците можат да ја следат дневната програма, активностите и информациите за бродот.
При посетите на пристаништата, задолжително е почитување на времето за враќање на бродот, кое го одредува MSC Cruises.

ОРГАНИЗИРАНИ ПРОШЕТКИ СО ПРЕТСТАВНИКОТ

Во Кагошима, Кочи и Токио се предвидени заеднички пешачки прошетки со претставникот на групата.
Прошетките се организираат во релаксирано темпо, со време за фотографии, кафе и индивидуални активности.
Локалниот превоз, доколку е потребен, се доплаќа.

ДОСТАВА НА ПАТНИ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ

- **До 90 дена пред патувањето:** Ќе бидат доставени броевите на резервациите за крстарењето, согласно условите на MSC Cruises.

- **7 дена пред поаѓањето:** Ќе биде доставена финалната агенда со детални информации за средбите и организираните прошетки.
- **2–3 дена пред поаѓањето:** Ќе бидат доставени авионските билети и потребните патни документи.
- **2–7 дена пред поаѓањето:** Патниците ќе добијат дополнителни информации за хотелите, трансферите, контактите и организацијата на патувањето.

👩 ПРИДРУЖБА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

За време на целото патување, групата ќе биде придружувана од туристички претставник на македонски јазик, кој ќе помага во координацијата на трансферите, хотелското сместување, крстарењето и организираните прошетки.

БЕЛЕШКИ:

- Сите правила за време на крстарењето се дефинирани согласно условите на **MSC Cruises**.
- Бродската компанија го задржува правото на промена на маршрутата, пристаништата и распоредот на пловидба поради временски, безбедносни, оперативни или други непредвидени околности.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на промена на редоследот на разгледувањата, хотелите и програмата во случај на оправдани оперативни или непредвидени околности, со обезбедување соодветна алтернатива согласно договорот.
- За патувањето се препорачува пасошот да има важност **најмалку 6 месеци по датумот на враќање**, со проверка на конкретните влезни услови за секоја земја.
- Патниците се должни навремено да обезбедат соодветни патни документи, визи и влезни дозволи, доколку се потребни.
- **Визните услови за Кина и Јапонија** се проверуваат според државјанството, видот на пасошот и важечките прописи во моментот на патувањето.
- Туристичката агенција **КОУЗОН ТРАВЕЛ** ќе ги информира патниците за релевантните промени во програмата и добиените информации од добавувачите.
- **Патничкото здравствено осигурување е задолжително според условите на аранжманот** и се доплаќа доколку не е наведено како вклучено.
- Пешачките прошетки со претставникот на групата не претставуваат официјални MSC Shore Excursions. Претставникот ги придружува патниците според подготвената агенда, додека локалниот превоз и индивидуалните трошоци се доплаќаат.
- Програмата за **Mount Fuji 5th Station** зависи од временските услови и проодноста на планинскиот пат.
- За време на крстарењето, патниците се должни да ги почитуваат часовите за враќање на бродот и сите инструкции на MSC Cruises.

Цената е дадена во евра и пресметана во денари, по курс 1 евро = 62 денари

Информации за бродот :
Повеке инфо за бродот можете да најдете на следниов линк :
https://www.msccruises.com/int/our-cruises/ships/msc-bellissima

ИНТЕРЕСНИ МЕСТА И ЗНАМЕНИТОСТИ СПОРЕД ПРОГРАМАТА
СН ШАНГАЈ, КИНА | 05–08.10.2027

🏛 **Shanghai Museum** – еден од најзначајните музеи во Кина, со богата колекција на кинеска уметност и историски предмети.

🏙 **Lujiazui** – модерниот финансиски центар на Шангај, познат по футуристичките облакодери и впечатливата архитектура.

🌆 **Shanghai Tower** – еден од највисоките облакодери во светот и симбол на современиот Шангај. Предвидено е надворешно разгледување и фотографирање.
🚢 **The Bund** – прочуеното крајбрежно шеталиште, каде историската архитектура се среќава со спектакуларната панорама на модерниот Шангај.
⛩️ **Jade Buddha Temple** – познат будистички храм со традиционална кинеска архитектура и статуи на Буда изработени од жад.
🌸 **Yuyuan Garden** – прекрасна традиционална кинеска градина со павилјони, езерца, камени мостови и живописни улички.
🛍️ **Nanjing Road** – една од најпознатите трговски улици во Азија, со бројни продавници, ресторани и модерни трговски центри.
🏘️ **Shikumen** – традиционален шангајски кварт со карактеристични камени порти и архитектура што ги спојува кинеските и европските влијанија.
🐼 **Shanghai Zoo – џиновските панди** – посета на зоолошката градина, каде ќе имаме можност одблизу да ги видиме симпатичните џиновски панди, еден од најпрепознатливите симболи на Кина.
🚢 **Huangpu River Evening Cruise** – вечерно крстарење по реката Хуангпу, со спектакуларни погледи кон осветлените облакодери и историските градби на The Bund.
🏮 **Zhujiajiao Water Town – „Кинеската Венеција"** – историски воден град со традиционални куќи, камени мостови и живописни канали. Предвидено е и возење со традиционален чамец.
🌳 **Old French Concession** – шармантен историски кварт со улици опкружени со дрвја, елегантни градби, мали галерии и кафулиња. Посета доколку времето дозволува.

Факултативни доживувања – со доплата:

🍽️ **Peking Duck Dinner** – традиционална кинеска вечера со познатата пекиншка патка.
🎭 **ERA Chinese Acrobatic Show** – спектакуларно акробатско шоу со музика, светлосни ефекти и импресивни настапи.
🍱 **Buffet Dinner Cruise** – можност за вечера за време на крстарењето по реката Хуангпу, доколку е достапна.

JP КАГОШИМА, ЈАПОНИЈА | 10.10.2027

🚶 **Пешачка прошетка со претставникот на групата:**

🛍️ **Tenmonkan** – најпознатата пешачка и трговска зона во Кагошима, со традиционални продавници, ресторани и кафулиња.
⛩️ **Terukuni Shrine** – традиционално шинтоистичко светилиште опкружено со зеленило.
🗿 **Saigō Takamori Statue** – споменик посветен на еден од најпознатите самураи во јапонската историја.
🌳 **Central Park** – пријатна зелена зона за прошетка, одмор и фотографии.

Факултативни екскурзии со MSC Cruises – со доплата:

🌺 **Sengan-en Garden** – прекрасна традиционална јапонска градина од 17 век, со панорамски поглед кон вулканот Сакураџима.
🌋 **Sakurajima Volcano** – активен вулкан и најпрепознатливиот природен симбол на Кагошима.

JP КОЧИ, ЈАПОНИЈА | 11.10.2027

🚶 **Пешачка прошетка со претставникот на групата:**

🚢 **Harimayabashi Bridge** – познат црвен мост, симбол на градот, поврзан со традиционална јапонска љубовна легенда.
🛍️ **Obiyamachi Shopping Arcade** – традиционална покриена трговска улица со продавници, кафулиња и локални специјалитети.
🏯 **Kochi Castle** – еден од ретките оригинални јапонски замоци, со зачувана архитектура од периодот Едо. Предвидено е надворешно разгледување.
🍣 **Hirome Market** – живописен гастрономски пазар, познат по традиционалните јапонски специјалитети и автентичната локална атмосфера.

Факултативни екскурзии со MSC Cruises – со доплата:

🏖️ **Katsurahama Beach** – живописна плажа со прекрасен поглед кон Тихиот Океан.

🗿 **Sakamoto Ryoma Statue** – споменик посветен на познатиот јапонски самурај и реформатор.

JP ПЛАНИНАТА ФУЏИ, ЈАПОНИЈА | 13.10.2027

🚐 **Целодневна организирана екскурзија со приватен автобус и локален водич**

🏘️ **Oshino Hakkai – традиционално јапонско село** – живописно село познато по своите осум кристално чисти природни извори, традиционални куќи и прекрасни погледи кон планината Фуџи.

🌊 **Lake Kawaguchiko – езерото Кавагучи** – едно од петте познати езера во подножјето на Фуџи, со прекрасни панорамски погледи кон најпознатата планина во Јапонија.

🌸 **Oishi Park** – живописен парк на брегот на езерото Кавагучи, познат по сезонските цветни градини, есенските бои и прекрасните панорами кон Фуџи.

🎎 **Saiko Iyashi no Sato Nenba** – реконструирано традиционално јапонско село со куќи со сламени покриви, занаетчиски работилници и автентична архитектура.

🍜 **Традиционален јапонски ручек** – предвиден во локален ресторан, со можност за дегустација на регионални специјалитети, како Hōtō noodles.

🚐 По завршувањето на екскурзијата, организирано враќање на **MSC Bellissima**, вечера и ноќевање на бродот во пристаништето во Токио.

JP ТОКИО, ЈАПОНИЈА | 14.10.2027

🗼 **Целодневно организирано разгледување со приватен автобус и локален водич**

🏮 **Asakusa** – традиционален историски кварт на Токио, познат по своите храмови, стари улици и автентична јапонска атмосфера.

⛩️ **Senso-ji Temple** – најстариот будистички храм во Токио, со прекрасна традиционална архитектура.

🏮 **Kaminarimon Gate** – познатата порта со огромниот црвен фенер, еден од најпрепознатливите симболи на градот.

🛍️ **Nakamise Shopping Street** – традиционална улица исполнета со продавници за сувенири, јапонски слатки и локални производи.

🗼 **Tokyo Skytree – 350m Observation Deck** – посета на панорамската платформа на 350 метри височина, со спектакуларен поглед кон јапонската метропола.

🚦 **Shibuya Crossing** – светски познатата раскрсница, симбол на динамичниот и модерен Токио.

🐕 **Hachiko Statue** – познатата статуа посветена на верното куче Хачико, еден од најомилените симболи на градот.

⛩️ **Meiji Jingu Shrine** – едно од најзначајните шинтоистички светилишта во Токио, опкружено со прекрасна шума. Посета доколку времето дозволува.

🍣 **Јапонски гастрономски ручек** – организиран ручек во локален ресторан. Како дополнителна можност се разгледува интерактивно Sushi-Making Experience.

🏙️ **Shimbashi** – жив кварт со традиционални јапонски ресторани, кафулиња и продавници, каде е предвидено едно ноќевање во хотел 4★.

🍱 **Традиционална јапонска проштална вечера** – организирана вечера во локален ресторан, со можност за дегустација на автентични јапонски специјалитети.